Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), врз основа на член 22 став 1 и 3, член 23 став 1, од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа, а во врска со член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) на продолжението на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Постапката по предмет број 12-1434/1 од 17.04.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите во пријавата со број 12-1434/1 од 17.04.2024 година, кои се однесуваат на сомневање за прекршување на законските одредби кои го регулираат забранетото постапување на органите и институциите за време на изборен процес **НЕ СЕ ПОТВРДУВААТ.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

**СЕ КОНСТАТИРА** повреда на одредбите од Закон за трансформација во редовен работен однос (Службен весник на Република Македонија бр.20 од 12.02.2015 година) од ------------- ----------, в.д. директорот на ЈУ --------------- ---------------- --- ------ -----------, бидејќи без обезбедена согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии склучил авторски договори за ангажирање на лица, што претставува основ на сомнение за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" од Кривичниот законик.

Со ваквите дејствија споменатото лице го повредило и начелото на законитост од член 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

За констатираното прекршување на законските одредби, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и и ќе иницира постапка до надлежен орган.

Предметот со број 12-1434/1 од 17.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 17.04.2024 година, до ДКСК е доставена пријава од познат подносител во која е изразено сомневање за незаконски ангажман на лица во ЈУ --------------- ---------------- --- ------ -----------, врз основа на авторски договори, за време на изборен процес.
Според изнесеното во пријавата, во ЈУ --------------- ---------------- --- ------ -----------, врз основа на авторски договори, со посредување на агенција, биле ангажирани лица пред распишувањето на изборот за претседател на Република Северна Македонија односно пред распишувањето избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, чиј ангажман продолжил и во текот на изборниот процес, при што договорите за ангажман во овој период не биле прекинати. Во пријавата е наведено дека лицата биле ангажирани за потребите во билетарница, сметководство, одржување на хигиена, магацин, односи со јавност, изработка на стручни трудови.

ДКСК, постапувајќи согласно член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по предметната пријава оформи предмет и се обрати до јавната установа, со цел прибавување на потребни податоци и информации заради целосно утврдување на фактичката состојба. Од страна на јавната установа, на ден 17.07.2024 година, беа доставени бараните податоци.
Од извршениот увид во целокупната документација по оформениот предмет, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 14.02.2024 година, Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, донесе Решение за распишување на избори за пратеници на Република Северна Македонија, број 09-1169/1 и Решение број 09-1168/1 за распишување на избор за претседател на Република Северна Македонија.
Со Годишниот план за вработување на ЈУ --------------- ---------------- --- ------ -----------, за 2024 година (бр.----------- од 29.08.2023 година), планирани биле 5 нови вработувања. Годишниот план за вработување за 2024 година на ден 31.08.2023 година бил доставен до Град Скопје како основач на установата, но од страна на Советот на Град Скопје истиот не бил усвоен.

Со оглед на утврдената потреба од дополнително ангажирање на лица за непречено извршување на дејноста на установата за чие редовно вработување не бил усвоен план, се пристапило кон спроведување на постапка за јавна набавка на услуги од авторска агенција, по што во декември 2023 година биле склучени авторски договори за ангажман на десет лица, со важност од јануари 2024 година до март 2024 година, склучени помеѓу ЈУ ------------- -------------- --- ------ -----------, физички лица и агенцијата за интелектуална сопственост ----------------- ---- ----------, кои не биле прекинати, при што врз основа на овие договори биле вршени исплати. По истекот на важноста на овие договори во месец март 2024 година, тие не̂ биле продолжени поради траењето на изборниот процес.

Од 01.06.2024 година, од страна на јавната установа биле склучени нови договори со поголем дел од ангажираните лица, и со состојба 17.07.2024 година работно ангажирани по основ на авторски договори биле 8 лица за период од 01.06.2024 година до 31.12.2024 година со можност за продолжување на истите.

Од страна на јавната установа, за ангажирањето на овие лица и склучувањето на договорите со истите, претходно не била обезбедена согласност од Министерството за финансии, како што предвидува Законот за трансформација во редовен работен однос (Службен весник на Република Македонија, бр.20 од 12.02.2015 година) и Автентичното толкување на овој Закон (Службен весник на Република Македонија, бр.44 од 19.03.2015 година).

Имајќи го предвид периодот на склучување на договорите како и постапката за ангажирање на лица врз основа на авторски договори, констатирано е дека на склучувањето на авторските договори претходела постапка за јавна набавка на услуги од авторска агенција и договорите биле склучени помеѓу јавната установа, физички лица и агенција за интелектуална сопственост, со важност од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година. Дополнително, договорите биле продолжени на 10.06.2024 година, по донесувањето на Заклучокот на ДИК од 11.05.2024 година за конечност на резултатите од гласањето за Избор на Претседател, и по усвојувањето на Заклучокот на ДИК од 30.05.2024 година, за завршување на Изборите за пратеници во Собранието. Воедно, постапката за ангажирање на лица врз основа на посебен договор не претставува постапка за вработување во смисла на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, и не претставува вработување на определено време како случај на итна и неодложна работа во смисла на член 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик.

Согласно член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и согласно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик: *„од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на*

*Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи".*

Од наведеното произлегува дека во постапката за ангажирање на лица врз основа на авторски договори не се констатирани прекршувања на законски одредби кои се однесуваат на изборниот процес, што значи дека не се потврдуваат пријавените наводи.

Дополнително, од страна на ДКСК констатирана е повреда на одредбите од Закон за трансформација во редовен работен однос (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.20 од 12.02.2015 година) од страна на лицето кое раководело со предметната установа во тој период, а по однос на ангажирање на лица и склучување на авторски договори без обезбедена согласност од Министерството за финансии, кое прекршување претставува основ на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување".
Имено, во горе наведениот закон, е утврдено дека институциите при ангажирање на лица врз основа на договор на дело треба да обезбедат согласност од Министерството за финансии односно, дека институциите ангажираат лица со договор за дело по обезбедена согласност од Министерството за финансии, додека пак во истиот закон за непочитување на овие одредби предвидени се и казнени одредби.
Од страна на лицето кое раководи со институцијата, во предметниот случај в.д. директорот ---------------------- при ангажирањето на лицата и склучување на авторски договори, не била побарана согласност за обезбедување на финансиски средства од Министерство за финансии за ангажирање на лицата по договор за дело со кои биле склучени предметните договори.
Со непочитување на законските одредби, од страна на наведеното лице, е сторена повреда на Законот за трансформација во редовен работен однос со што е злоупотребена неговата функција и јавно овластување.
Воедно, со ваквите дејствија истото лице го повредило и на начелото на законитост од член 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, конкретно став (2) од истиот каде е наведено дека „*Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.*"

Од фактичката состојба за овој предмет, ДКСК утврди дека предметните постапки со кои биле ангажирани лица врз основа на авторски договори, како трипартитни договори склучени помеѓу предметната јавна установа, ангажираното лице и агенцијата за интелектуална сопственост, не претставуваат постапки за вработувања на нови лица во јавната установа и како такви истите не подлежат на забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик. Следствено, предметните постапки не упатуваат на прекршувања на законските одредби кои се однесуваат на изборниот процес што значи дека не се потврдуваат предметните пријавени наводи.
Дополнително, констатирана е повреда на одредбите од Закон за трансформација во редовен работен однос со непреземање на дејствија за обезбедување на потребната согласност за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии за ангажирање на лицата со кои биле склучени предметните авторски договори, што претставува основа на сомнение за сторена злоупотреба на службена положба и овластување од страна на споменатото лице, поради што ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и ќе иницира постапка до надлежен орган.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил:Ј.Ц., раководител на одделение
Контролирал: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Т.Д., претседател на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата